Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

# УПАТСТВА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ ЗА ДАВАЊЕ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**Автор:** Гоце Коцевски

октомври 2021 г.

*Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сѐ додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставaт до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).*

*Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Одделот за програми за соработка.*

*© Совет на Европа, јуни 2022. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.*

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*

# 1. Воведни забелешки

1.1 Овој документ опфаќа практични упатства и објаснување за спроведување на членот 11 од Законот за бесплатна правна помош[1] (ЗБПП) и релевантниот Правилник за начинот на распишување и спроведување на јавниот конкурс[2] (во натамошниот текст: Правилник). Насоките се наменети да бидат користени од вработените во Секторот за бесплатна правна помош при Министерството за правда, при распишување и спроведување на постапката за јавен конкурс за доделување финансиски средства на овластените здруженија и правни клиники. Насоките ги објаснуваат и разработуваат правните одредби, начелата и критериумите предвидени во ЗБПП и Правилникот. Натаму, Насоките нудат практични упатства, кои лесно може да се следат, како и алатки и обрасци, кои може да се користат во утврдувањето на формална внатрешна писмена постапка за доделување финансиски средства од страна на Министерството за правда. Овој документ е изготвен на барање на Советот на Европа, во рамките на проектот *„Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија“* (2246- Хоризонтален инструмент II).

1.2 Законот за бесплатна правна помош од 2019 г. ја дефинира правната основа за доделување финансиски средства на овластените здруженија и правните клиники *(член 11, ЗБПП).* Законот во општа смисла го регулира следново: начинот на доделување на финансиски средства, содржината на јавниот конкурс, органот надлежен за постапката, роковите, критериумите за оценка, склучување договори, доделување на средствата и надзорот, односно контрола. Поконкретни одредби се содржани во Правилникот. Исто така, ЗБПП ја дефинира финансиската поддршка како примарен извор на финансирање на овластените здруженија и правни клиники, додека надоместокот за секој предмет одделно *(член 12, ЗБПП)* е помошен механизам за давателите на примарна правна помош на кои не им се доделени финансиски средства (*Видете член 11, став 13 во врска со член 12, став 1 од ЗБПП).* Целта на оваа (една од) клучните новела(и) воведени во ЗБПП е да се обезбеди одржливо финансирање за давателите на правна помош, како и да се промовира похолистички приод кон активностите на граѓанските организации за правно омоќнување.

1.3 Насоките се засноваат на релевантните правни одредби содржани во став 1.2., истовремено земајќи ги предвид начелата и постапката дефинирани во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондации[3] (Кодекс), меко право донесено од Владата во 2007 г., применливо во контекст на давање финансиска поддршка на овластени здруженија и правни клиники. Кодексот содржи најдобри практики за транспарентност, отчетност и соодветно оценување на пријавите за правна поддршка.

---

[1] Закон за бесплатна правна помош, Службен весник бр. 101/19.

[2] Правилник за начинот на распишување и спроведување на јавниот конкурс за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош на овластените здруженија и правните клиники даватели на примарна правна помош, проверката на поднесените документи, начинот на бодување при оценување на пријавите и вршењето на контрола на трошењето на средствата, Службен весник бр. 199/19.

[3] Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, Службен весник бр. 130/07.

Насоките исто така ги земаат предвид праксата и политиките предвидени во Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од буџетот.[4] Разгледани се и земени се предвид други практики и постапки за доделување на буџетски финансиски средства на граѓанските организации, коишто ги применуваат другите органи на државната управа.[5]

***Фази на постапката за доделување финансиски средства на овластените здруженија и правни клиники***




## 2. Планирање

2.1 Првиот чекор кон воспоставување на делотворна програма за доделување финансиски средства на овластените здруженија и правни клиники е подробното планирање. Доколку не се посвети доволно време и напор во процесот на планирање, тоа неизбежно ќе доведе до слаб квалитет на процесот и неможност проектите на кои им е доделена финансиска поддршка да ги задоволат потребите на лицата кои бараат примарна правна помош. Фазата на планирање треба да се заврши во текот на второто или третото тромесечје од годината пред почетокот

[4] Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од буџетот, Службен весник бр. 277/19.
[5] За повеќе информации видете Анализа на финансиската поддршка за здруженија и фондации од буџетот (2017-2019) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество (2020).

на календарската година кога треба да се додели финансиската поддршка. Иако ЗБПП не содржи одредби за процесот на планирање, Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондации бара финансиската поддршка за граѓанските организации, меѓу другото, да се заснова на *начелото на стратешко финансирање врз основа на претходно изготвени планови и програми (член 1, Кодекс).* Планирањето треба да резултира со следниве две главни придобивки:

- Идентификувани клучни приоритетни области во врска со пристапот кон правдата на кои треба да им се посвети внимание, вклучително и очекувани резултати кои треба да се постигнат **(Програмско планирање)** и
- Доделен буџет достаточен за да се постигнат очекуваните резултати **(Финансиско планирање).**

### *i. Програмско планирање*

2.2 Доделувањето финансиски средства за давателите на примарна правна помош, како посебна активност, треба да се вклучи во стратешките документи на Министерството за правда. Тековниот Стратешки план на Министерството за правда 2020-2022, како и последниот јавно достапен Годишен план за работа на Министерството за правда за 2020 година, не содржат упатувања на одредбите за доделување финансиски средства за давателите на примарна правна помош. Фактот што не е опфатена оваа конкретна активност го носи ризикот од подривање на нејзиното значење во постапката на планирање на буџетот и како последица на тоа доделување на недоволни средства.

2.3 Процесот на планирање треба да се одвива во склад со Упатството за начинот на постапување на Министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа. Поконкретни упатства за процесот на планирање може да се најдат во Прирачникот за стратешко планирање. Одлуката за стратешките приоритети на Владата во 2022 година меѓу другото предвидува развивање на систем на правда, кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заеднички систем на вредности. Ова натаму хиерархиски подетално треба да се разработи во Стратешкиот план и Годишниот план и конечно преку јавниот повик/конкурс.

2.4 Во контекст на пристапот кон правда и примарната правна помош, во текот на фазата на Анализа на состојбата, Министерството за правда треба да биде во состојба да ги идентификува и формулира клучните проблеми, предизвици и пречки, кои влијаат врз пристапот на сиромашните и маргинализирани групи од населението кон правни информации и совети потребни за решавање на проблемите со кои истите се соочуваат. Ова може да се постигне преку: преглед и анализа на податоци добиени од подрачните одделенија и од останатите даватели на правна помош за изминатата и за тековната година, оценки на потребите за правна помош, како и преку организирање консултативни работилници со претставници на граѓанските организации. Врз основа на ова, Министерството за правда треба да ги идентификува и формулира клучните итни приоритети, врз кои треба да се фокусира поголем ангажман на граѓанските организации.

| **Пример** |
|---|

- **Проблем**

Податоците од неколку подрачни одделенија, лоцирани во два соседни статистички региони, веќе неколку години упатуваат на непропорционално висока бројка на лица кои бараат примарна правна помош во однос на правата од социјална заштита или кои поднесуваат барање за секундарна правна помош за управни спорови во врска со правата од социјална заштита (споредено со останатите подрачни одделенија). Ова е особено случај со луѓето кои живеат во рурални и оддалечени области. По консултации со вработените во подрачните одделенија заклучено е дека ова е резултат на особено повисоката стапка на сиромаштија и невработеност во овие региони, како и на недостатокот на советодавни услуги во локалните заедници.

- **Приоритет**

Обезбедување пристап кон примарна правна помош за правата од социјална заштита за сиромашните групи од населението, кое живее во двата предметни статистички региони.

Овој процес треба да се спроведува секоја година, по можност во текот на летните месеци пред фискалната година, кога треба да се спроведе планот за доделување финансиски средства. Ваквиот процес треба да резултира со список на клучни приоритети и резултати, кои треба да се постигнат преку активностите на давателите на примарна правна помош. Од исклучителна важност е за списокот на приоритети да се одржат консултации со граѓанските организации, а пред да се финализираат конкурсите, организирајќи во овој контекст и консултации со заедницата на меѓународни донатори.

### *ii. Финансиско планирање*

2.5 Програмското планирање треба да биде придружено со финансиско планирање. При тоа првиот чекор е определување на Стратешките приоритети на Владата, кои за 2022 г., меѓу другото предвидуваат развивање на систем на правда, кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заеднички систем на вредности. Приоритетите на Владата се релевантно поврзани со стратешките документи на министерствата и затоа е важно финансиската поддршка за давателите на примарна правна помош да се вклучи во стратешките документи на Министерството за правда. Министерството за правда треба да дефинира реални фискални проекции, кои треба да ги земат предвид приоритетите на кои треба да се работи, како и проценка на трошоците што давателите на примарна правна помош ги имале во претходната фискална година. Бројот на лица кои добиле услуга треба да се користи како единица мерка за определување на паричните средства за трошоците. Врз основа на процесот на планирање, Министерството за правда треба соодветно да определи буџетски средства, под буџетската ставка 163110 (*Трансфери за здруженија и фондации).*

## 3. Формирање на Комисија

3.1 ЗБПП го доделува овластувањето за распишување (објавување) и спроведување на јавниот конкурс на Комисија за распределба на средства на овластени здруженија и правни клиники за давање на примарна правна помош (во натамошниот текст: Комисијата). Комисијата е формирана од министерот за правда и е составена од три члена и нивни заменици од редот на административни државни службеници *(член 11, став 4 ЗБПП).* Министерството треба да

обезбеди дека има воспоставено политики и механизми соодветни за да се одбегне конфликт на интереси, кој може да се јави при оценка на пријавите. Истите треба да бидат усогласени со Законот за спречување на корупција и конфликт на интереси. Во овој контекст може да се искористат внатрешните политики на Министерството и потпишување на соодветни изјави. Исто така, во склад со добрите практики предвидени во Кодексот, мандатот на членовите на Комисијата не треба да биде подолг од две години *(член 5, став 4 од Кодексот).* Членовите на Комисијата исто така треба да бидат обучени за оценка и проценување на пријавите за средства.

# 4. Распишување на јавен конкурс

### *i. Составување на јавниот конкурс*

4.1 Комисијата го составува јавниот конкурс врз основа на претходно дефинирани приоритети и во рамките на одобрениот буџет. Содржината на конкурсот е пропишана со ЗБПП. Како минимум, во јавниот конкурс мора да се наведе следново:

- приоритетите на јавниот конкурс,
- вкупниот износ на средствата кои се доделуваат,
- потребните документи,
- роковите за спроведување на постапката по јавниот конкурс,
- временскиот период од најмногу една година, во кој се врши давањето на примарна правна помош,
- критериумите за оценка на пријавите и
- видовите на предвидените трошоци за давање на примарна правна помош, кои ќе бидат доделени од Министерството.

Приоритетите на конкурсот треба подробно да се наведат или преку дефинирани конкретни цели, кои треба да се постигнат (на пример, подобрување на пристапот кон правдата за луѓето кои живеат во руралните и оддалечените региони) или преку идентификување на конкретни целни групи (на пример, жртви на семејно и родово засновано насилство). Треба да се одбегнуваат општи и нејасни приоритети, затоа што тоа го попречува процесот на оценка на релевантноста на добиените пријави на јавниот конкурс.

### *ii. Распишување на јавниот конкурс*

4.2 Иако ЗБПП бара објавување на јавниот конкурс само на интернет страницата на Министерството за правда, во целите на транспарентност и отвореност и во склад со добрите практики јавниот конкурс исто така треба да се објави и во дневните весници, а треба и да се дисеминира меѓу граѓанските организации, преку владиното Одделение за соработка со невладините организации и преку интернет страницата www.nvosorabotka.gov.mk. Исто така, важно е да не се чека крајот на првото тромесечје од тековната година за да се забрза процесот.

# 5. Преглед на прифатливоста и оценка добиените пријави

### *i. Прием на пријави*

5.1 Подзаконскиот акт, односно Правилникот ја дава можност за поднесување на пријавата по електронски пат преку интернет страницата на Министерството за правда *(член 3(2) од Правилникот)*. Сепак, сè додека не се исполнат техничките барања за ваквата практика, постапката се одвива преку поднесување на пријавите во хартиена форма. Од суштинска важност е пријавите и придружните документи вработеното лице на Министерството за правда одговорно за прием на пријавите истите да ги добие во затворени коверти и истите да не се отвораат сè до првата седница на Комисија. На секој коверт треба да се наведе датумот и часот на прием на пријавата. На подносителите на пријавите треба да им се даде потврда за примена пријава. Секоја пријава треба да се нумерира хронолошки.

### *ii. Административна проверка*

5.2 Оценката на пријавите се одвива во две фази- административна проверка и оценка. Откога Комисијата на нејзината прва седница ќе ги отвори добиените пријави, се спроведува административна проверка. Во оваа фаза, Комисијата го оценува следново:

- Дали пријавата е добиена во предвидениот рок,
- Дали пријавата е целосно пополнета и ги содржи сите потребни документи и
- Дали се исполнети конкретните барања од конкурсот (на пример, времетраењето на проектот, буџетот на проектот, итн.).

5.3 Стандардизиран список за проверка (Анекс 1) може да ја олесни административната проверка на секоја пријава. Пријавите кои нема да ја поминат оваа фаза нема да бидат земени предвид и подносителите на пријавите ќе бидат написмено известени за резултатот. Комисијата треба да води белешки за отворањето на пријавите и за административната проверка, кои пак ќе бидат составен дел од вкупниот записник, потпишан од сите членови на Комисијата.

### *iii. Оценка на пријавите*

5.4 Комисијата е должна во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите да ги разгледува и оцени пријавите, да изготви и да го достави мислењето до министерот за правда, во кое е наведена ранг-листа на сите прифатливи пријави. Критериумите за оценка се наведени во ЗБПП, додека максималниот број на бодови за секој критериум е наведен во подзаконскиот акт- Правилникот. Сепак, треба да се подвлече дека Правилникот оди и над ЗБПП додавајќи дополнителни критериуми за оценка, кои не се наведени во ЗБПП. Комисијата оценува до која мерка пријавите ги исполнуваат следниве критериуми:

| Критериуми за оценка | Максимум бодови |
|---|---|
| Општествената корист од предложениот проект за давање примарна правна помош преку јасни и остварливи цели; | 20 |

| | |
|---|---|
| Проценка на усогласеноста на проектните цели, кои се состојат во олеснување на пристапот до правда, со приоритетите утврдени во јавниот конкурс, како и начинот на којшто обезбедената примарна правна помош ќе овозможи остварување на правата на оние за кои е наменета; | 20 |
| Искуството во обезбедувањето на примарна правна помош на здружението, односно правната клиника, како и на лицата кои ќе ја обезбедуваат; | 20 |
| Подрачјето на кое ќе се дава примарна правна помош, со цел рамномерна регионална достапност на правната помош; | 20 |
| Оправданост и висина на предвидените трошоци за обезбедување на бесплатната правна помош; | 30 |
| Јасно дефинираните цели, активности и целни групи. | 20 |
| | 120 |

5.5 Со оглед на тоа што критериумите се формулирани воопштено и неодредено, процесот на оценување треба да се олесни преку дефинирање на под-критериуми, од кои секој логично ќе биде поврзан со главниот критериум, со белешка со објаснување. Комисијата може да ја искористи како алатка за оваа цел следнава табела за оценка:

| Дел | Максимален резултат |
|---|---|
| **1. Општествената корист од предложениот проект за давање примарна правна помош преку јасни и остварливи цели** | **20** |
| 1.1 Дали е веројатно дека активноста ќе има опипливо влијание врз целните групи?<br>- *Подносителот на пријавата го опишува очекуваното влијание на активноста врз целните групи со квантифицирани податоци, кога е тоа е возможно и на техничко ниво;*<br>- *Има јасни докази дека резултатите ќе ги надминат проектните влезни, односно почетни активности (значи има позитивна стапка на инвестицијата);*<br>- *Има докази дека проектниот тим ќе продолжи да работи и да дава услуги на целните групи и по завршување на проектот.* | 5 |
| 1.2 Дали подносителот на пријавата покажува дека поседува доволни познавања за контекстот и проблемите во однос на пристапот кон правдата кои влијаат врз маргинализираните заедници?<br>- *Подносителот на пријавата детално го опишува контекстот на изнесениот проблем, користи официјални извори на информации за да го поткрепи идентификувањето на проблемот;*<br>- *Подносителот на пријавата обезбедува дека образложението, односно оправдувањето е веродостојно и сигурно, на пример истото се потпира на најнови информации и е објективно и непристрасно.* | 5 |
| 1.3 Дали подносителот на пријавата обезбедува дека дадената примарна правна помош ќе резултира со решавање на правните проблеми  кои ги погодуваат целните групи?<br>- *Предложените активности во детали покажуваат како правниците ќе дадат правна помош и ќе обезбедат следење на резултатите од преземените дејствија, односно дали е решен правниот проблем;* | 5 |

| | |
|---|---|
| - *Веројатно е дека активностите ќе резултираат со правно омоќнување на целните групи.* | |
| 1.4 Дали во предлогот се наведени резултатите кои се очекува да се постигнат со активноста? Дали логиката на интервенцијата ја објаснува логичката подлошка на очекуваните резултати?<br>- *Евидентно е дека планираните активности ќе доведат до постигнување на наведените резултати;*<br>- *Наведените резултати ќе доведат до постигнување на конкретните цел/цели на проектот.* | 5 |
| **2. Проценка на усогласеноста на проектните цели, кои се состојат во олеснување на пристапот до правда, со приоритетите утврдени во јавниот конкурс, како и начинот на кој што обезбедената примарна правна помош ќе овозможи остварување на правата на оние за кои е наменета;** | **20** |
| 2.1 Колку е релевантен предлогот во однос на приоритетите на повикот за поднесување предлози? Дали резултатите кои се очекуваат од активноста се усогласени со приоритетите?<br>- *Релевантноста на предлогот во однос на вкупната цел и приоритетите на конкурсот е солидно оправдана (на пример, јасно се покажува дека предлогот целосно се вклопува во дефинираните приоритети).* | 5*2 |
| 2.2 Дали предложените активности обезбедуваат неограничен пристап за целните групи кон правна помош со висок квалитет? Дали подносителот на пријавата предвидува иновативни средства за давање примарна правна помош?<br>- *Подносителот на пријавата планира користење на електронска пошта, телефон, социјални мрежи, теренски посети, отворени денови и други инвентивни средства за давање правна помош;*<br>- *Подносителот на пријавата има систем за контрола на квалитетот на дадената примарна правна помош* | 5*2 |
| **3. Искуството во обезбедувањето на примарна правна помош на здружението, односно правната клиника, како и на лицата кои ќе ја обезбедуваат;** | **20** |
| 3.1 Дали подносителот на пријавата има доволна правна експертиза (особено познавања и искуство за приоритетите на кои треба да се работи)?<br>- *Искуството на подносителот на пријавата во спроведување на проекти за правна помош, вклучително и број на лица на кои им е дадена правна помош во изминатите три години;*<br>- *Искуството на клучниот персонал во давање примарна правна помош, според поднесените кратки биографии.* | 5*2 |
| 3.2 Дали подносителот на пријавата поседува соодветни и достапни простории и опрема за управување со и за давање на примарна правна помош?<br>- *Достапност на постојан персонал (правен и финансиски), кој може да го спроведе проектот;*<br>- *Достапност на добро опремена канцеларија, пристапна за лица со попреченост и соодветна за давање на примарна правна помош.* | 5*2 |
| **4. Подрачјето на кое ќе се дава примарна правна помош, со цел рамномерна регионална достапност на правната помош;** | **20** |

| | |
|---|---|
| 4.1 Дали проектот ќе се применува во помалку развиените региони? Резултатот треба да се определи според Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година.<br>- *Скопје 1 поен, Југоисточен регион 2 поена; Источен и Полошки регион 3 поени; Пелагонија и Југозападен регион 4 поени и Североисточен регион 5 поени .* | 5*2 |
| 4.2 Дали проектот превидува активности за давање примарна правна помош во рурални и оддалечени региони?<br>- *Подносителот на пријавата предвидува активности за опфаќање на лица кои живеат во руралните и оддалечените области преку теренски посети, мобилни тимови. Резултатот треба да зависи од бројот на села и области, кои се очекува да бидат опфатени со проектот.* | 5*2 |
| **5. Јасно дефинирани цели, активности и целни групи** | **20** |
| 5.1 Дали наведените цели ги задоволуваат СМАРТ (конкретни, мерливи, достижни, релевантни, временски дефинирани) критериумите?<br>- *Целите се: конкретни, мерливи, достижни, реални и временски дефинирани?*<br>- *Со проектните цели се задоволуваат потребите на целната група.* | 5 |
| 5.2 Колку се јасно дефинирани и стратешки избрани целните групи? Дали се јасно дефинирани нивните потреби и ограничувања и дали со предлогот соодветно ќе се работи на истите?<br>- *Целните групи се јасно дефинирани преку обезбедување на квантитативни и квалитативни податоци;*<br>- *Проблемите и потребите на целната група се конкретно наведени преку подробни информации (квантитативни и квалитативни податоци).* | **5** |
| 5.3 Колку кохерентно е проектирана активноста? Дали предлогот ги наведува очекуваните резултати кои треба да се постигнат со активноста? Дали логиката на интервенцијата ја објаснува логичката подлошка на очекуваните резултати? Дали предложените активности се соодветни, практични и конзистентни со предвидените резултати и исход?<br>- *Проектните активности се доста точно подробни;*<br>- *Активностите се конзистентни со проектните цели/цел;*<br>- *Предвидени се сите активности кои се суштински за ефикасното спроведување на проектот.* | 5 |
| 5.4 Дали акцискиот план за спроведување на активноста е јасен и остварлив? Дали временската рамка е реална?<br>- *Сите активности се остварливи во односот бројот, временската рамка, рентабилност (ангажирани човечки и материјални ресурси).* | 5 |
| **6. Оправданост и висина на предвидените трошоци за обезбедување на примарна правна помош;** | **30** |
| 6.1 Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот?<br>- *Трошоците наведени во буџетот кореспондираат со активностите,*<br>- *Дадени се сите потребни детали за секоја ставка: единица, број на единици, стапка на единицата, вкупни трошоци, број на учесници, времетраење на настаните, итн.* | **5*2** |
| 6.2 Дали проценетите трошоци се во согласност со просечната пазарна вредност на стоките и услугите што се планира да се набават? | **5*2** |

| | |
|---|---|
| - *Сите трошоци се точно наведени под соодветната буџетска ставка (плати, режиски трошоци, итн.);*<br>- *Трошоците во буџетот се засноваат на нормални пазарни цени;*<br>- *Сите наведени трошоци се реално квантифицирани и за истите е наведена цена соодветна на проценетите резултати;*<br>- *Нема неоправдани трошоци (на пример, опрема која не е релевантна за активностите, патувања, публикации);*<br>- *Нема неприфатливи/несоодветни трошоци.* | |
| 6.3 Дали е задоволителен соодносот меѓу проценетите трошоци и очекуваните резултати?<br>- *Побараниот буџет е конзистентен со очекуваните резултати (на пример, број на луѓе на кои им се дава помош, број на настани, итн.);*<br>- *Нема значителна разлика меѓу побараните средства и резултатите кои се планира да се постигнат.* | **5*2** |
| **Максимален резултат:** | **120** |

5.6 Оценката на квалитетот на добиената пријава се спроведува според резултатот за тоа дали и во која мерка подносителите на пријавите ги исполнуваат критериумите наведени во ЗБПП, како и во Правилникот, а дополнително разработени во Табелата за оценка. По завршување на административната проверка, секој член на Комисијата се произнесува со резултат за секој од критериумите и под-критериумите. Секоја пријава се оценува засебно за секој под-критериум со оценка од 1 до 5, во зависност од степенот до кој пријавата ги исполнува критериумите. Секој резултат го има следново значење:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Многу лошо | Лошо | Соодветно | Добро | Многу добро |

Членовите на Комисијата пополнуваат засебни извештаи (Анекс 2) со резултат за секоја пријава, со задолжително наративно образложение на резултатот. По индивидуалното оценување, Комисијата се состанува на пленарна седница за да ги финализира резултатите и да ги рангира пријавите. Конечниот резултат за секој критериум преставува просек од поединечните резултати. Збирот на резултатите го дава конечниот резултат и врз основа на тоа Комисијата изготвува прелиминарен список со мислење.

# 6. Доделување средства и склучување договори

6.1 Врз основа на мислењето, министерот за правда донесува решение за доделување на средства согласно резултатите од јавниот конкурс. (Против решението може да се поведе управен спор пред надлежен суд.) Договорот треба да ги содржи следниве елементи:

- Предмет на договорот,
- Висина на доделените средства,
- Временска рамка за спроведување на договорот,
- Постапка за промена на одредбите на договорот,

- Клаузула за одговорност во случај на причинета штета,
- Обврска за дејствување во согласност со ЗБПП,
- Обврска совесно и одговорно да се користат доделените средства како и да се вратат неискористените средства,
- Начин на известување, оценка и следење,
- Одредби за вршење на контрола над спроведувањето на договорот и на трошењето на доделените средства,
- Одредби за субсидијарна примена на други закони,
- Клаузула за раскинување на договорот.

## 7. Надзор и контрола

7.1 Корисниците на средства, како што е предвидено во ЗБПП, имаат обврска да доставуваат детален наративен и финансиски извештај за реализираните активности и направените трошоци, заедно со целокупната придружна документација. Министерството за правда ги прегледува извештаите и доколку се идентификуваат одредени проблеми и неправилности, Министерството го известува корисникот и му дава рок за коригирање на неправилностите. Сепак, исто така е неопходно Министерството да одржува редовна писмена комуникација, како и периодично да свикува координативни состаноци со цел да обезбеди дека проектите непречено се спроведуваат.

7.2 Доколку се утврди дека добиените средства за давање на примарна правна помош давателот ги троши ненаменски или примарната правна помош не ја дава согласно законот и јавниот конкурс или не започнал со реализацијата на одредената работа во предвидениот рок утврден во договорот, Министерството го прекинува натамошното обезбедување на средствата, го раскинува договорот и во рок од 30 дена покренува постапка за враќање на веќе доделените средства во Буџетот на Министерството и надоместок на штета.

## **Препораки:**

Врз основа на прегледот на законската рамка, како и практичните предизвици со кои се соочи Министерството за правда при спроведување на двата (за жал неуспешни) јавни конкурси за доделување средства, може да се дадат следниве препораки, кои се неопходни со цел да се подобри системот за доделување средства на давателите на примарна правна помош:

- Правната рамка за доделување финансиски средства на овластените здруженија и правни клиники не регулира неколку компоненти, кои се од суштинска важност за целосно заокружување на системот на доделување средства. Нема насоки за процесот на планирање, за начинот на определување на приоритетите за кои се бара финансирање, за спречување конфликт на интереси, како и за начинот и постапката за надзор и контрола. Правниот модел кој е во сила не гарантира транспарентност на процесот (на пример, распишување на јавниот конкурс само на интернет страницата на Министерството не би можело да се смета за транспарентно објавување). Потребно е да се измени правната рамка во склад со стандардните критериуми дефинирани во

Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

- Условот Министерството да ги додели средствата откога одлуката ќе стане конечна (по завршување на судската постапка) би можело значително да ја одолжи постапката за доделување финансиски средства, со оглед на тоа што малку е веројатно дека Управниот суд може да донесе одлука за помалку од 6 месеци од датумот на поведување на спорот. Приодот што го применува Владата при доделување финансиски средства треба да се примени во случаите во кои не е дозволен управен спор против одлуката за доделување на финансиски средства.
- Критериумите за оценка или треба да се преформулираат во ЗБПП или за секој критериум треба да се дефинираат под-критериуми, со јасни дефиниции и објаснување на нивното значење. Критериумите како што се дадени се нејасни и комбинираат повеќе различни елементи (на пример, Општествената корист со јасни цели). Министерството за правда треба да го следи моделот предвиден во Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на здруженија и фондации од државниот буџет.
- Особено внимание треба да се посвети на соодветното планирање на финансиската поддршка, земајќи ги предвид потребите на граѓаните (идентификувани преку оценка на правните потреби), планирањето на фискалните импликации потребни за да се задоволат потребите на граѓаните и да се побара соодветен буџет од Министерството за финансии.
- Обука на вработените во Министерството за правда кои ќе бидат задолжени за спроведување на постапката за доделување финансиски средства е од клучно и суштинско значење за успехот на постапката. Вработените треба да се запознаат со основните концепти на управување со проектните циклуси и надзор и оценка. Во контекст на јакнење на нивните капацитети од особена полза може да бидат практични работилници и менторство.

# Анекси

## 1. Список за административен преглед

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на пријавата | | | |
| Име на подносителот на пријавата | | | |
| | Да | Не | Забелешка |
| Пријавата е примена во предвидениот рок | | | |
| За пријавата за доделување на средства употребен е точниот образец | | | |
| Пријавата за доделување финансиски средства е целосно пополнета | | | |
| Поднесени се сите потребни придружни документи | | | |
| Временската рамка на проектот е во согласност со рокот наведен во јавниот конкурс | | | |
| Побараните финансиски средства се во износ наведен во јавниот конкурс | | | |

## 2. Извештај за оценка на пријава за доделување финансиски средства

**Член на Комисијата** ____________________________

**Датум на оценување:** ____________________________

**Подносител на пријава:** ____________________________

**Назив на проектот:** ____________________________

| **1. Општествената корист од предложениот проект за давање примарна правна помош преку јасни и остварливи цели и резултати** | **Резулт ат** |
|---|---|
| 1.1 Дали е веројатно дека активноста ќе има опипливо влијание врз целните групи? | / 5 |
| 1.2 Дали подносителот на пријавата покажува дека поседува доволни познавања за контекстот и проблемите во однос на пристапот кон правдата, кои влијаат врз маргинализираните заедници? | / 5 |

| | |
|---|---|
| 1.3 Дали подносителот на пријавата обезбедува дека дадената примарна правна помош ќе резултира со решавање на правните проблеми кои ги погодуваат целните групи? | / 5 |
| 1.4 Дали во предлогот се наведени резултатите кои се очекува да се постигнат со активноста? Дали логиката на интервенцијата ја објаснува логичката подлошка на очекуваните резултати? | / 5 |
| **Вкупен резултат:** | **/ 20** |
| **Забелешки и образложение на резултатот:** | |

| **2. Проценка на усогласеноста на проектните цели, кои се состојат во олеснување на пристапот до правда, со приоритетите утврдени во јавниот конкурс, како и начинот на кој што обезбедената примарна правна помош ќе овозможи остварување на правата на оние за кои е наменета;** | **Резулт ат** |
|---|---|
| 2.1 Колку е релевантен предлогот во однос на приоритетите на повикот за поднесување предлози? Дали резултатите кои се очекуваат од активноста се усогласени со приоритетите? 2 * (1-5) | /10 |
| 2.2 Дали предложените активности обезбедуваат неограничен пристап за целните групи кон правна помош со висок квалитет? Дали подносителот на пријавата предвидува иновативни средства за давање примарна правна помош? 2 * (1-5) | / 10 |
| **Вкупен резултат:** | **/20** |
| **Забелешки и образложение на резултатот:** | |

| **3. Искуството во обезбедувањето на примарна правна помош на здружението, односно правната клиника, како и на лицата кои ќе ја обезбедуваат;** | **Резултат** |
|---|---|
| 3.1 Дали подносителот на пријавата има достаточна правна експертиза (особено познавања и искуство за приоритетите на кои треба да се работи)? 2 * (1-5) | / 10 |
| 3.2 Дали подносителот на пријавата поседува соодветни и достапни простории и опрема за управување со и за давање на примарна правна помош? 2 * (1-5) | / 10 |
| **Вкупен резултат:** | **/20** |
| **Забелешки и образложение на резултатот:** | |

| **4. Подрачјето на кое ќе се дава примарна правна помош со цел рамномерна регионална достапност на правната помош;** | **Резултат** |
|---|---|
| 4.1 Дали проектот ќе се применува во помалку развиените региони? Резултатот ќе се определи според Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година. 2 * (1-5) | / 10 |
| 4.2 Дали проектот превидува активности за давање примарна правна помош во рурални и оддалечени региони? 2 * (1-5) | / 10 |
| **Вкупен резултат:** | **/20** |
| **Забелешки и образложение на резултатот:** | |

| **5. Јасно дефинирани цели, активности и целни групи** | **Резултат** |
|---|---|
| 5.1 Дали наведените цели ги задоволуваат СМАРТ (конкретни, мерливи, достижни, релевантни, временски дефинирани) критериумите? | / 5 |
| 5.2 Колку се јасно дефинирани и стратешки избрани целните групи? Дали се јасно дефинирани нивните потреби и ограничувања и дали со предлогот соодветно ќе се работи на истите? | / 5 |
| 5.3 Колку кохерентно е проектирана активноста? Дали предлогот ги наведува очекуваните резултати кои треба да се постигнат со активноста? Дали логиката на интервенцијата ја објаснува логичката подлошка на очекуваните резултати? Дали предложените активности се соодветни, практични и конзистентни со предвидените резултати и исход? | / 5 |
| 5.4 Дали акцискиот план за спроведување на активности е јасен и остварлив? Дали временската рамка е реална? | / 5 |
| **Вкупен резултат:** | **/20** |
| **Забелешки и образложение на резултатот:** | |

| **6. Оправданост и висина на предвидените трошоци за обезбедување на примарна правна помош;** | **Резултат** |
|---|---|
| 6.1 Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот? 2 * (1-5) | / 10 |
| 6.2 Дали проценетите трошоци се во согласност со просечната пазарна вредност на стоките и услугите што се планира да се набават? 2 * (1-5) | / 10 |

| | |
|---|---|
| 6.3 Дали е задоволителен соодносот меѓу проценетите трошоци и очекуваните резултати? 2 * (1-5) | / 10 |
| 5.4 Дали акцискиот план за спроведување на активноста е јасен и остварлив? Дали временската рамка е реална? | / 10 |
| **Вкупен резултат:** | **/20** |
| **Забелешки и образложение на резултатот:** | |

**Вкупен резултат:**

| **Критериуми:** | **Резултат** |
|---|---|
| Општествената корист од предложениот проект за давање примарна правна помош преку јасни и остварливи цели и резултати; | /20 |
| Проценка на усогласеноста на проектните цели, кои се состојат во олеснување на пристапот до правда, со приоритетите утврдени во јавниот конкурс, како и начинот на кој што обезбедената примарна правна помош ќе овозможи остварување на правата на оние за кои е наменета; | /20 |
| Искуството во обезбедувањето на примарна правна помош на здружението, односно правната клиника, како и на лицата кои ќе ја обезбедуваат; | /20 |
| Подрачјето на кое ќе се дава примарна правна помош, со цел рамномерна регионална достапност на правната помош; | /20 |
| Оправданост и висина на предвидените трошоци за обезбедување на бесплатната правна помош; | /30 |
| Јасно дефинирани цели, активности и целни групи | /20 |
| Вкупен резултат: | / 120 |

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*